| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Јас сум чист, јас сум здрав |
| **Содржина на денот** | „Мојата занимална" |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување со поимот физичкото растојание и начинот на кој тоа се изведува.<br>Разговор за одржување на хигиената на рацете и кога треба да се мијат (потсетување на начинот на кој треба да се мијат, со кои средства и сл.).<br>Разговор за хигиената на играчките. |
| **Активности** | Разговор на тема: Детето Марко и неговите играчки.<br>Активноста започнува со детето Марко (може да користите кукла која ја имате дома или изработен лик од хартија или картон) и избирање на неколку играчки кои ќе бидат негови.<br>Може да започнете со преставување на куклата и играчките на пример:<br>-„Јас сум детето Марко а ова се моите играчки!"<br>-„Како се викаш ти?"<br>-„Дали знаеш кои се овие мои играчки?"<br>Оставете го детето самостојно да одговара, само ако воочите неправилно искажување на зборовите исправете го. По именувањето на играчките, поттикнете го детето со ликот на таа играчка да објасни како се игра и да Ви демострира.<br>На крај детето кажува со која играчка најмногу сака да игра и зошто. По завршување детето се потсетува што треба да се направи со играчките по играњето (да се измијат, исушат и вратат на нивното место). |